Некој човек земал абдест и не си ја измил ногата колку површината на ноктот. Пратеникот го набљудувал и му рекол: „Врати се назад и убаво земи абдест.“, па тој го повторил абдестот, а потоа клањал

Џабир, радијаллаху анху, рекол: Омер бин Хатаб ме извести дека: Некој човек земал абдест и не си ја измил ногата колку површината на ноктот. Пратеникот го набљудувал и му рекол: „Врати се назад и убаво земи абдест.“, па тој го повторил абдестот, а потоа клањал.

[صحيح بشواهده] [رواه مسلم]

Омер, радијаллаху анху, нè известил дека Аллаховиот пратеник, алејхи селам, забележал дека еден човек, откако земал абдест, не измил површина со големина на ноктот на ногата, па му рекол, укажувајќи му на пропуштеното: „Врати се назад и дополни го абдестот. Водата нека го намокри секој дел од телото како што треба.“ Човекот се вратил и земал потполн абдест, па потоа го клањал намазот.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/8386